МЛАДИНСКИ ОБРАЗОВЕН ФОРУМ YOUTH EDUCATIONAL FORUM

Институт за европска политика. Скопје

# Ефектот што етичката клима во јавните институции го има врз одливањето на младите мозоци”

Скоро 30% од граѓаните со завршено високо образование во Република Македонија, живеат и работаат во странство додека скоро 80% од студентите во нивната завршна година на техничките факултети, размислуваат или планираат да ја напуштат земјата.

Последниот извештај за напредок од Европската Комисија ја нотира употребата на јавниот сектор како политички инструменти; постојат наводи за притисоци врз вработените во јавниот сектор и за политизација на администрацијата.

86% од испитаниците не се согласуваат дека јавните службеници навистина се грижат за проблемите на граѓаните како да се свои.

## Во јавните институции во република македонија, јавниот службеник навистина се грижи за мојот проблем како да е негов




**74% од младите мислат дека не може да им биде обезбедена соодветна услуга без да имаат „врска“ во јавните институции.**

## Не може да се обезбеди добра услуга без да имате врска во јавните институции




**Најзагрижувачкиот резултат е што 89% од младите изјавиле дека јавните службеници се сметаат себеси за „газди“ наместо да се сметаат како „асистенти“ на граѓаните**

## Јавните службеници се сметаат себеси како „газди“ наместо како асистенти на граѓаните




**· 65% од мигрираната младина изјавиле дека општата етичка ситуација во јавните институции им влијаела на одлуката за преселување во странство**

## Општата етичка ситуација во јавните институции ми влијаеше во одлуката за преселба во странство




**· 58% од испитаниците откриле дека нивното искуство со јавните институции им влијаело на нивната одлука да мигрираат**

## Колку вашето искуство со јавните институции влијаеше врз вашата одлука да мигрирате




„Веќе 10 години работам на истата работна позиција без никакво унапредување, иако сметам дека сум дал се` од себе како професионалец. Мислам дека главната причина за тоа е моите несогласувања со политичките погледи со моите надлежни“
Н.И, јавен службеник во Министерството за транспорт и комуникации

„се обидуваме да ги следиме правните и професионални стандарди, но ние сме континуирано вознемирувани со тоа што имаме „итни случаи“ нарачани од надредените кои ги заобиколуваат правните и професионалните стандарди”
Н.М, Јавен службеник во Општина Чаир

„постојат многу „на хартија“ јавни службеници кои никогаш не се појавуваат на работа, иако примаат месечна плата“.
Н.И, јавен службеник во Министерството за транспорт и комуникации

„Работев во институции чиј основач е Владата на Република Македонија со назначен менаџер, каде што јас бев единствениот вработен со највисоки квалификации (единствениот со завршено образование на државен факултет). Таму не ми беше дадена можност да ги покажам моите вештини и знаења а исто така ја примав најниската плата од 14.000 денари“.

Никој од структурата не го ценеше моето работење, додека од менаџерите вклучувајќи го и директорот постојано слушав: „Ова е тоа за што дојде“ што значи дека тие тенденциозно бараат начини и модули да ти кажат измеѓу редови дека не постои можност за унапредување во работата. Заедно со оваа изјава одат и неплатени дополнителни работни часови, работа за време на викенд и ден-до-недела одмор“.

Испитаници со одговор на прашањето од анкетата: „Дали сте се соочиле со некој проблем во јавните институции и ако да, наведете со која јавна институција сте се соочиле“

Овој документ беше изработен со финансискатаподдршка од ЦИПЕ. Гледиштата презентирани воовој документ не ги претставуваат на ниеден начин официјалните ставови на ЦИПЕ.

CIPE